СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

# КОНЦЕПТ
# за размена на информации
# меѓу институциите

*во функција на прогнозирањето за потребните вештини на пазарот на трудот*



*Скопје*

*Ноември, 2021 година*

*Целта на концептот е да се обезбеди ефикасно споделување информации меѓу институциите кои обезбедуваат податоци што се релевантни за анализата и за прогнозите на понудата и на побарувачката на вештини на пазарот на трудот.*

**Работна група:**

1. м-р Наташа Јаневска, Стопанската скомора на Северна Македонија;
2. м-р Михајло Донев, Стопанската комора на Северна Македонија;
3. м-р Нена Николова, Стопанската комора на Северна Македонија;
4. Сашо Деспотоски, Стопанската комора на Северна Македонија;
5. Дурим Зеќири, Стопанска комора на Северо-Западна Македонија;
6. Ивана Чиплаковска, МАСИТ;
7. Анета Атанасовска, Занаетчиска комора на Град Скопје;
8. Светлана Ристовска Антиќ, Организација на работодавачи на Македонија;
9. Наталија Кижевска, Министерство за образование и наука;
10. Далибор Ацевски, Министерство за образование и наука;
11. Надица Костоска, Министерство за образование и наука;
12. Александар Андовски, Министерство за образование и наука;
13. Владимир Красиќ, Министерство за труд и социјална политика;
14. Оливера Ставрова, Министерство за труд и социјална политика;
15. Биљана Деловска; Агенција за вработување на Република Северна Македонија;
16. Виола Хоџа, Агенција за вработување на Република Северна Македонија;

**Концептот го подготвил:**
проф. д-р Благица Новковска

**Лектор:** Ана Азеска

*Овој концепт е изработен во рамките на поддршката на Стопанската комора на Северна Македонија од Проектот „Образование за вработување во Северна Македонија“, финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка.*

*Ставовите изразени во оваа публикација се на авторот и не мора да се совпаѓаат со мислењата и со политиките на проектот, со оние на донаторот и на организациите кои го реализираат проектот*

**СОДРЖИНА**

Потреба од создавање концепт за споделување информации меѓу институциите..4

Главни правци во развојот на обезбедувањето податоци за следење и за прогнозирање на побарувачката....5

Главни правци во развојот на обезбедувањето податоци за следење и за прогнозирање на понудата....5

Разменување податоци меѓу институциите....6

Очекувани придобивки од размената на податоци меѓу институциите....7

# Потреба од создавање концепт за споделување информации меѓу институциите

За да се поддржи забрзаниот економски развој, кој треба да придонесе земјата да излезе од групата на земји во развој и понатаму да се доближува кон нивоата на земјите од Европската Унија, неопходно е да се обезбеди ефикасен одговор на побарувачката на вештини на пазарот на трудот со соодветна понуда.

На ниво на земјата и на регионите (и на локално ниво) постојат информации во голем обем што се однесуваат на разни аспекти од понудата и од побарувачката на пазарот на трудот. Тие информации се достапни во најголема мера кај:

- Државниот завод за статистика (ДЗС),
- Министерството за образование и наука (МОН),
- Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ),
- Министерството за труд и социјална политика (МТСП),
- стопанските комори (СК).

Неопходно е да се оформи кохерентен систем на информации потребни за следење и за прогнозирање на понудата и на побарувачката на вештини на пазарот на трудот. Таквиот систем може да се оствари единствено со усогласено дејствување на институциите што ги обезбедуваат информациите, целесообразно насочено кон крајната цел – добро дефиниран систем на размена на информации, во функција на прогнозирањето на потребните вештини на пазарот на трудот.

Улогата на стопанските комори е особено голема со тоа што може да обезбедат дополнителни информации, релевантни за пазарот на трудот, а кои недостигаат во изворите на официјални податоци на институциите. Тоа е засновано на нивната тесна поврзаност со компаниите, кои се главните актери во побарувачката на вештини на пазарот на трудот.

Во табела 1 е даден преглед на податоците за понудата и за побарувачката на пазарот на трудот, кои се обезбедуваат од наведените институции и кои треба да бидат предмет на размена. Сите овие податоци треба да бидат расположливи на национално и на регионално ниво.

**Табела 1: Податоците за размена со кои располагаат институциите**

| Одговорна институција | Податоци за размена | |
|---|---|---|
| | Страна на понудата | Страна на побарувачката |
| ДЗС | Број на вкупно население<br>Механички и природни промени кај населението<br>Број на работоспособно население<br>Број на активно население<br>Број на ученици кои го завршиле образованието | Број на вработени по сектори на активност<br>Нето-плати на вработени по сектори на активност<br>Слободни работни места |
| МОН | Број на ученици кои го завршиле образованието | |
| АВРСМ | Прилив во невработеност по првпат<br>Прилив од вработеност во невработеност | Премини од невработеност во вработеност |
| МТСП | Предвидување на состојбите на пазарот на трудот | Предвидување на состојбите на пазарот на трудот |
| СК | | Нови планирани вработувања според квалификациите и според потребните вештини |

## Главни правци во развојот на обезбедувањето податоци за следење и за прогнозирање на побарувачката

Обезбедувањето податоци за побарувачката на почетокот треба да се фокусира на бројот на вработени по региони и по сектори. Основната улога треба да ја има Државниот завод за статистика, кој треба да обезбеди податоци на годишна основа за бројот на вработени по региони и по сектори, преку анкетата за работната сила, како и со користење други податоци за вработени со кои располага.

Вториот податок е оној за нето-платите по региони и по сектори, кој треба да се добива редовно од статистичкото истражување за вработените и за платите на Државниот завод за статистика.

Министерството за труд и социјална политика треба да ги обезбеди предвидувањата на состојбите на пазарот на трудот за страната на побарувачката.

Стопанските комори треба да ја преземат задачата да обезбедуваат податоци што се добиваат непосредно од компаниите кои се нивни членки. Од страната на побарувачката тоа треба да ги покрие, во прв ред, планираните нови вработувања според квалификациите и според потребните вештини за тековната година и за наредниот среднорочен период по години.

## Главни прави во развојот на обезбедувањето податоци за следење и за прогнозирање на понудата

Државниот завод за статистика ги обезбедува податоците за бројот на вкупното население, за механичките и за природните промени кај населението, за бројот на работоспособно население и за бројот на активно население (бројот на вработени и на невработени лица). Овие податоци треба да се однесуваат на состојбите на национално и на регионално ниво според возраста (петгодишни возрасни групи).

Статистиките за образованието на Државниот завод за статистика, кои обезбедуваат податоци за бројот на завршени ученици според квалификациите, треба да продолжат да ја обезбедуваат серијата на долг рок. Дезагрегатицијата по региони треба да биде обезбедена за потребите од следење и од прогнозирање на понудата на пазарот на трудот на национално и на регионално ниво. Од своја страна, целосната поддршка во реализирањето на истражувањето и на добивањето податоци со највисок можен квалитет е задача на Министерството за образование и наука, кое има непосреден увид во работењето на образовните институции во земјава.

Министерството за образование и наука, исто така, обезбедува податоци за бројот на ученици што го завршиле образованието. Овие податоци се достапни за Министерството за образование и наука порано од објавувањето на истите податоци што се објавуваат од Државниот завод за статистика. Поради тоа се очекува МОН да ја има носечката улога и да ги обезбедува потребните податоци за учениците кои го завршиле образованието, а за потребите на процесот на размена на информации.

Податоците од ДЗС, кои се дел од образовните статистики, може да бидат користени за пресметување дополнителни индикатори, откако ќе биде завршена нивната обработка.

Кај понудата е многу важно да се воспостави врска меѓу понудата на квалификации на излезот од образованието и на влезот на пазарот на трудот. За тоа е потребна тесна соработка меѓу Министерството за образование и наука и агенциите за вработување. Сегашните податоци на АВРСМ обезбедуваат следење на приливите и на одливите на пазарот на трудот од вработеност во невработеност, од невработеност во вработеност и од вработеност во вработеност, но не преку сите канали преку кои ефективно се одвиваат овие процеси. Оттука, поврзувањето и со стопанските комори треба да обезбеди поголема усогласеност и целосност на податоците што ги обезбедуваат институциите.

Во функција на прогнозите на долг рок за понудата од образованието, покрај податоците за бројот на ученици што го завршиле образованието, треба редовно да се разменуваат податоци и за капацитетот на училиштата за обезбедување максимален број лица со дадени квалификации на среден рок (три до пет години од запишувањето до завршувањето на училиштето). Овие податоци се особено значајни за секторите кои покажуват потенцијал за брз развој. За нив е неопходно да бидат навремено обезбедени приливи на квалификации преку образовниот систем. Информациите од овој вид се неопходни не само за планирање на активностите на компаниите и на училиштата туку и заради започнување акции за мотивирање на младите лица да влезат во образованието и во вработеноста, преку дадена квалификација, во сектор кој во наредниот период ќе има голема потреба од нив.

Министерството за труд и социјална политика треба да ги обезбеди предвидувањата на состојбите на пазарот на трудот за страната на понудата.

## Разменување податоци меѓу институциите

Институциите одговорни за подготовка на податоците за понудата и за побарувачката на пазарот на трудот треба да ги разменуваат податоците што се од заеднички интерес. На таков начин ќе бидат исполнети три функции:

- Прво, да се овозможи прелиминарна размена на податоци за движењата на пазарот на трудот, во согласност со овој концепт, како прва фаза во дефинирањето на периодиката, обемот и на содржината на податоците за движењето на понудата и на побарувачката на пазарот на трудот. Предлог-термин за оваа фаза е од 1 до 15 февруари 2022 година. Податоците треба да се за период од најмалку три години и да се однесуваат на состојбите на национално и на регионално ниво.
- Второ, преку анализа на разменетите податоци ќе се овозможи увид во евентуалните процепи на податоците или во непостојаностите, кои се видливи од перспективата на другите институции и од информациите со кои располагаат тие, па ќе се овозможи исправање на недоследните и на нецелосните податоци, во насока на создавање усогласен систем на информации за пазарот на трудот.

- Трето, ќе се гарантира неопходната динамика за прогнозирање на понудата и на побарувачката на вештини на пазарот на трудот, преку усогласената периодика и содржина на размена на податоци.

За да се овозможи редовно спроведување стандардизирана размена на податоци, треба да биде подготвен, усогласен и потпишан **протокол за размена на податоци** меѓу институциите учеснички во размената на податоци.

## Очекувани придобивки од размената на податоци меѓу институциите

Со размената на податоци меѓу институциите ќе се обезбеди ефикасно следење на понудата и на побарувачката на пазарот на трудот и ќе се создаде солидна основа за квалитетно прогнозирање на долг рок, неопходно за обезбедување блиска поврзаност на понудата и на побарувачката.

Со вклученост на повеќе институции ќе се обезбеди отстранување на многу недостатоци и ќе се пополнат поголем број од досега евидентираните процепи на податоци.

Ќе се обезбеди зголемена усогласеност на податоците што се обезбедуваат од различни извори, и според методологијата на изработка и според периодиката на доставување на податоците до корисниците.

Ќе се обезбеди зголемена мотивираност и одговорност на учесниците во процесот на собирање и на обработка на информации што ќе се користат за добивање сетови податоци битни за понудата и за побарувачката на пазарот на трудот.

Во функција на обезбедување стабилност и долготрајност на овој систем на размена на информации, треба да се создадат доброорганизирани бази на податоци во соодветните институции. Создадените бази треба редовно да се одржуваат и да се ажурираат од учесниците во размената на податоци.